TECHNOGIPS PRO

КАТАЛОГ НА ПРОИЗВОДИ

СОДРЖИНА:

ГИПС-КАРТОНСКИ ПЛОЧИ ____ 04.
Тип A ____ 05.
Тип H2 ____ 06.
Тип DFH2 ____ 07.
Тип DF ____ 08.
Sound Comfort Extra Тип DF ____ 09.
Titan Board ____ 10.
Blue Board ____ 12.
Примена на Blue Board ____ 13.

СМЕСИ ЗА СУВА ГРАДБА И МАЛТЕРИ ____ 15.
FIX ____ 16.
FUGA ____ 18.
FUGA HYDRO ____ 20.
FUGA & FINISH Light ____ 22.
SATEN ____ 24.
SPRINT ____ 26.
SPRINT PLUS ____ 27.
CONSTRUCTION GYPSUM ____ 30.

ПРОФИЛИ, ШРАФОВИ
И ДОДАТОЦИ ____ 33.
Премиум Профили ____ 34.
Шрафови ____ 36.
Типли ____ 38.
Додатоци ____ 39.
Super Premium производи
со антикорозивен премаз ____ 47.
Ревизионни отвори ____ 54.
Permabase ____ 55.

TECHNOGIPS PRO

TECHNOGIPS PRO

МИНИМАЛНА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА, МИНИМУМ ШТЕТНИ ГАСОВИ.

Високо-технолошката линија за производство ја сведува на минимум потрошувачката на енергија. Природниот гас е главен извор на енергија во процесот на производство на гипс-картонските плочи **Technogips Pro.** На овој начин ослободувањето на штетни гасови се сведува на минимум.

ВО НАШЕТО ПРОИЗВОДСТВО СЕ КОРИСТИ ИСКЛУЧИВО 100% РЕЦИКЛИРАНА ХАРТИЈА.

Како и кај гипс-картонските плочи, така и кај амбалажата за сувите мешавини. Тоа придонесува не само за заштита на шумите, туку заштедува и огромна количина на енергија која би била потребна за производство на нова хартија.

ПРОИЗВОДСТВО БЕЗ ОТПАД.

Гипс-картонските плочи, кои од различни причини не ја поминале успешно строгата контрола во производствениот процес, се одделуваат за потоа да се сечат на ленти и да се користат како замена за дрвените греди во пакувањето на палети. Сувите гипсени мешавини се рециклираат.

БЕСПРЕКОРЕН КВАЛИТЕТ. СЕКОГАШ. НЕМА ШТО ДА КРИЕМЕ.

Производите од Technogips Pro се така дизајнирани да значително ги надминат барањата од усогласените европски стандарди и нивниот квалитет постојано се следи со строга интерна контрола на производството.

СЕРТИФИКАТИ:

Сите производи Technogips Pro ги исполнуваат барањата за безбедност така што се исполнети процедурите за оценка на сообветноста кои се наведени во Регулативата 305/2011 на ЕУ за градежни производи.

TECHNOGIPS PRO

EPD Verified

FSC www.fsc.org FSC® C138031 The mark of responsible forestry

TÜV NORD ISO 9001:2015

TÜV NORD ISO 14001:2015

TÜV NORD BS OHSAS 18001

Sedex

Побарајте го логото FSCтм на нашите сертифицирани производи.

ЗОШТО ТРЕБА ДА СЕ ОДЛУЧИМЕ ЗА СУВА ГРАДБА?

ИЛИ 9 РАБОТИ, КОИ ШТО ГИ ЗНАЕМЕ ИЛИ НЕ ГИ ЗНАЕМЕ ЗА СУВАТА ГРАДБА

Главните причини при изборот на сува градба се брзината на изградба и лесната монтажа. Според најновите пресметки, кај сувата градба времето кое е потребно за изградба е 3 до 4 пати пократко споредено со конвенционалното ѕидарство. Системските решенија Technogips Pro гарантираат брза и ефикасна работа т.е. помали трошоци за работна рака.

Покрај тоа:



1. Секоја капка е важна

Споредено со конвенционалното ѕидарство, сувата градба заштедува 95% вода. Ѕидањето консумира повеќе вода, што значително ги продолжува роковите за изведување.

2. Многу се полесни

Од 8 до 10 пати се послесни од ѕидовите од тули. Нивната мала тежина значително го намалува оптоварувањето на носечката конструкција на објектот.

3. Мазна површина

Гипс-картонските плочи создаваат совршено мазна и рамна површина која е подготвена за декорирање и тоа во најкраток можен рок за реализација.

4. Лесна поправка и одржување

Споредено со конвенционалното градење, ѕидовите од гипс-картон ски плочи можат многу лесно и брзо да се демонтират и санираат, без потреба од рушење.

5. Слободен дизајн

Овозможуваат разделување на просториите во зависност од специфичните потреби. Лесните преградни ѕидови и спуштените плафони се особено подвижни, со што е овозможено лесно прилагодување на ентериерот.

6. Термичка удобност

Камената волна која што е поставена во празнините помеѓу металната конструкција на преградните ѕидови е одличен изолатор кој придонесува во задржувањето на топлината во просторијата.

7. Заштита во случај на пожар

Системските решенија за ѕидови и плафони обезбедуваат максимална противпожарна заштита.

8. Акустичен комфор

Лесните преградни ѕидови обезбедуваат највисока заштита од бучава.

9. Грижа за природата

Сите видови гипс-картонски плочи се изработени од гипс и рециклирана хартија, суровини, со кои се заштедуваат необновливите природни ресурси.

TECHNOGIPS PRO

Стандардна гипс-картонска плоча
Тип А

За примена во ентериерни системи за сува градба како преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги и спуштени плафони во зони со нормална влажност на воздухот.



закосена ивица (Ak)



Класификација и сертификати:

CE Тип А
EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org
The mark of responsible forestry
FSC® C138031

EPD Verified

ТЕСТИРАНО РЕШЕНИЕ. БЕСПРЕКОРНА ЦВРСТИНА. СЕКОГАШ.

- Лесни и практични за сечење и монтажа
- Може да се поставуваат на конструкција од поцинкувани профили или директно да се фиксираат на ѕидовите (суво малтерисување) со помош на лепакот за гипс-картонски плочи ФИКС
- Создаваат мазна, стабилна и долготрајна површина која што е подготвена за завршна обработка
- Елемент од системските решенија за противпожарна заштита Technogips Pro
- Елемент од системските решенија за звучна изолација Technogips Pro
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност
- Соодветни за простории со нормална релативна влажност до 60%.

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи на палета
9.5 mm	1200	2000, 2500, 2600	6.80	70
12.5 mm	1200	2000, 2500, 2600, 2700, 2800, 3000	8.20	60
12.5 mm	600	2000	8.20	60
15.0 mm	1200	2000	11.50	50
18.0 mm*	1200	2000	13.00	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Брз шраф



FUGA и хартиена лента за фуги

Импрегнирана гипс-картонска плоча

Тип H2

За примена во ентериерни системи за сува градба како преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги и спуштени плафони во зони со високо ниво на релативна влажност за кратки временски периоди, како што се кујни, бањи, перални и др.



закосена ивица (Ak)

Класификација и сертификати:

CE Тип H2

EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org The mark of responsible forestry FSC® C138031

EPD Verified



ОТПОРНОСТ ОД ВЛАГА. БЕСПРЕКОРНА ЦВРСТИНА. СЕКОГАШ.

- Ги имаат сите предности и квалитет како стандардните гипс-картонски плочи
- Зголемена отпорност на влага, тип H2
- Создаваат здрава, стабилна и долготрајна основа која е подготвена за керамички облоги во просториите со зголемена влажност
- Лесни се и практични за сечење и монтажа
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност
- Соодветна за простории со висока релативна влажност до 70% за кратки периоди на време

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи на палета
9.5 mm	1200	2600	6.80	70
12.5 mm	1200	2000, 2500, 2600, 2800, 3000	8.80	60
12.5 mm	600	2000	8.80	60
15.0 mm*	1200	2000	13.00	50
18.0 mm*	1200	2000	15.00	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Брз шраф



FUGA hydro и лента за фуги со стаклени влакна

Противпожарна импрегнирана гипс-картонска плоча

Тип DFH2

За примена во ентериерни системи за сува градба како преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги и спуштени плафони во зони со високо ниво на влажност за кратки периоди и дополнителни високи барања за пожарна заштита како што се јавни кујни, соблекувални, лаборатории и др.



закосена ивица (Ak)

Класификација и сертификати:

CE Тип DFH2

EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org The mark of responsible forestry FSC® C138031

EPD Verified



ОТПОРНОСТ НА ПОЖАР. БЕСПРЕКОРНА ЦВРСТИНА. СЕКОГАШ.

- Зголемена густина на гипсеното јадро за подобра звучна изолација и стабилност Тип D
- Зголемена отпорност при високи температури Тип F
- Зголемена отпорност на влага Тип H2
- Елемент од системските решенија за противпожарна заштита Technogips Pro
- Елемент од системските решенија за звучна изолација Technogips Pro
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност
- Соодветна за простории со висока релативна влажност до 70% за кратки периоди на време

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плоскости в палет
12.5 mm	1200	2000, 2500, 2600, 3000	10.0	60
15 mm	1200	2000, 2500, 2600, 3000	12.0	50

*TechnogipS Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Брз шраф



FUGA hydro и лента за фуги со стаклени влакна

Противпожарна гипс-картонска плоча

Тип DF

За примена во ентериерни системи за сува градба како преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги и спуштени плафони во зони со високи барања за пожарна заштита и звучна изолација, како евакуациони коридори, скалишни јадра, индустриски простории и др.



закосена ивица (Ak)

Класификација и сертификати:

CE Тип DF

EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org The mark of responsible forestry FSC® C138031

EPD Verified



ОТПОРНОСТ НА ПОЖАР. БЕСПРЕКОРНА ЦВРСТИНА. СЕКОГАШ.

- Ги имаат сите предности и квалитет како стандардните гипс-картонски плочи.
- Зголемена густина на гипсеното јадро за подобра звучна изолација и стабилност Тип D
- Зголемена отпорност при високи температури Тип F
- Елемент од системските решенија за противпожарна заштита Technogips Pro
- Елемент од системските решенија за звучна изолација Technogips Pro
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи на палета
12.5 mm	1200	2000, 2500, 2600, 2700, 2800, 3000	10.00	60
12.5 mm	600	2000	10.00	60
15.0 mm	1200	2000	12.50	50
18.0 mm*	1200	2000	15.00	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Брз шраф



FUGA и хартиена лента за фуги

Гипс-картонска плоча за звучна изолација и заштита од пожар

SOUND COMFORT EXTRA Тип DF

Sound Comfort Extra Тип DF гипс-картонските плочи обезбедуваат ефикасна изолација од воздушен и ударен шум при изработка на ѕидови и плафони во простории со зголемена потреба од звучна изолација и заштита од пожар.



закосена ивица (Ak)

Класификација и сертификати:

CE Тип DF

EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org The mark of responsible forestry FSC® C138031

EPD Verified



ОДЛИЧНА ЗВУЧНА ИЗОЛАЦИЈА И ЗАШТИТА ОД ПОЖАР. СЕКОГАШ.

- Обезбедува високо ниво на звучна изолација кај ѕидови и плафони
- Зголемена густина на гипсеното јадро за подобра звучна изолација и стабилност Тип D
- Зголемена отпорност при високи температури Тип F
- Елемент од системските решенија за противпожарна заштита Technogips Pro
- Елемент од системските решенија за звучна изолација Technogips Pro
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи на палета
12.5 mm	1200	2000, 2600	12.00	40
15 mm	1200	2000	14.00	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Брз шраф



FUGA и хартиена лента за фуги

Премиум гипс-картонска плоча

TITAN BOARD Тип DFH1IR

За мултифункционална примена во премиум ентериерни системи за сува градба како преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги и спуштени плафони во зони со високи барања за пожарна заштита, звучна изолација, влагоотпорност и високи нивоа на отпорност на механички оштетувања. Плочата е исклучително соодветна за простории со голем проток на луѓе во станбени, општестени, трговски, инустриски и други објекти.



закосена ивица (Ak)



Класификација и сертификати:

CE Тип DFH1IR

EN 520:2004 + A1:2009

FSC www.fsc.org

The mark of responsible forestry FSC® C138031

EPD Verified

СИГУРНОСТ, КОМФОРТ И ДОЛГОТРАЈНОСТ. СЕКОГАШ.

- Гипсено јадро со голема густина за одлична звучна изолација и стабилност.
- Зголемена отпорност при високи температури Тип F
- Највисока класа за заштита од влага - тип H1
- Отпорност на удар и гребење - тип I
- Исклучителна цврстина и јакост - тип R
- Елемент од системските решенија за противпожарна заштита Technogips Pro
- Елемент од системските решенија за звучна изолација Technogips Pro
- Обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност
- Соодветна за простории со висока релативна влажност до 90%, за кратки периоди на време и обезбедна вентилација.

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи/палета
12.5 mm	1200	2000, 2600	13.00	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



Премиум профил Z140



Титан винт TN 3.9x25/35



FUGA и хартиена лента за фуги



- отпорност на пожар
- термален комфор
- слобода во дизајнот
- звучна заштита
- здрава животна средина
- лесни и практични за монтажа



Премиум плоча

BLUE BOARD Тип GMFH1IR

За мултифункционална примена во премиум ентериерни системи за сува градба како негориви фасадни системи (класа A1) – ѕидови, опшивки, стреи и внатрешни преградни ѕидови, ѕидови со инсталации, ѕидни облоги во зони со високи барања за пожарна заштита, звучна изолација, влагоотпорност и високи нивоа на отпорност на механички оштетувања – јавни бањи, туш кабини, релакс зони, СПА центри и простории со базени.



Класа A1
не горива
плоскост

правоаголна ивица (Sk)

Класификација и сертификати:

CE Тип GMFH1IR

EN 15283-1:2008

EPD Verified

Зголемена отпорност на оган – тип F
Минимална апсорпција на вода – тип H1
Зголемена јачина при удар – тип I
Зголемена јакот на свиткување – тип R

РЕШЕНИЕ ЗА ФАСАДИ. БЕСПРЕКОРНА ЦВРСТИНА. СЕКОГАШ.

- Овозможува изработка на фасадни ѕидови по методот на сува градба – го зголемува корисниот простор за живеење
- Одлична отпорност на влага – соодветна опшивка за внатрешни ѕидови и спуштени плафони во простории со исклучително висока влажност (вкл. и кондензација)
- Одлична отпорност од мувла – специјалниот армиран слој од стаклени влакна не содржи органски материи, со што се спречува нејзиното формирање
- Одлична цврстина – комбинацијата од зајакнато јадро и цврстиот армиран слој од стаклени влакна овозможува одлична цврстина на секоја плоча. Сигурна стабилност до 30 kg/m² носивост кај облога од керамички плочли и лепак.
- Создава стабилна и силна структура – многу отпорна на удар и свиткување
- Соодветна за простории со интензивна влажност до 90% и обезбедна вен

Дебелина	Ширина* (mm)	Должина* (mm)	Тежина (kg/m²)	Плочи на палета
12.5 mm	1200	2000	11.50	40

*Technogips Pro е во можност да изработи нестандардни димензии по претходна нарачка

За најдобри резултати комбинирајте со:



SUPER PREMIUM C4 или C5 профил



Blue Board винт TN 3.9x30



FUGA hydro и лента за фуги со стаклени влакна

*при внатрешна употреба

Примена:

ФАСАДЕН ЅИД СО ТЕНОК СЛОЈ НА МАЛТЕР



ФАСАДЕН ЅИД СО КСИНТИ КОМПОЗИТЕН СИСТЕМ



ФАСАДЕН ЅИД СО ДЕКОРАТИВНА ОБЛОГА



ФАСАДНИ ОПШИВКИ НА НАСТРЕШНИЦИ



ФАСАДНИ ОПШИВКИ НА КОНЗОЛИ / СИМСОВИ



ПРЕГРАДНИ ЅИДОВИ / СПУШТЕНИ ПЛАФОНИ ВО ПРОСТОРИИ СО ЗГОЛЕМЕНА ВЛАЖНОСТ





ЗОШТО ДА СЕ ОДЛУЧИМЕ ЗА ПРОИЗВОДИ НА БАЗА НА ГИПС?

ИЛИ 9 РАБОТИ ШТО ГИ ЗНАЕМЕ ИЛИ НЕ ГИ ЗНАЕМЕ ЗА СУВИТЕ ГИПСЕНИ СМЕСИ.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** се целосно чист производ. Гарантираат целосна безбедност при нивната употреба во домот. И уште:

1. Гаранција за квалитет.

Формираат совршена површина која е подготвена за декорација и завршно обложување. Светлата боја на готовата површина ја намалува потрошувачката на финалниот слој на боја.

2. Здрава околина.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** го регулираат нивото на влага во просториите и обезбедуваат здрава околина со контролирана влажност.

3. Добар изолатор на топлина.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** имаат многу ниска спроводливост на топлина λ=0,34 W/(mK), споредено со варово-цементните смеси.

4. Отпорни на пожар.

Нашите гипсени производи се тешко запаливи и го спречуваат ширењето на оганот. Содржат вода во кристализирана структура која се ослободува тогаш кога темпер турата на површината ќе достигне 100°C.



5. Заштедуваат време.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** не бараат користење на многу вода, што драстично ги скратува роковите за изведба.

6. Лесни за употреба.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** лесно се подготвуваат и нанесуваат. Потребна е само вода и по мешањето, производот е готов за употреба.

7. Ниска потрушувачка.

Сувите гипсени смеси се ефикасни и економични. Со мали количини од производот може да се покријат големи површини и да се постигнат одлични резултати.

8. Отпорни на пукање.

Сувите гипсени смеси **Technogips Pro** имаат ограничено собирање и тоа гарантира минимална опасност од појава на пукнатини.

9. Практични за носење.

Спакувани се во хартиени вреќи со тежина 5, 25 и 30 кг. кои се многу практични за носење.

FIX ГИПСОВО ЛЕПИЛО



ЦВРСТО ЛЕПЕЊЕ. СЕКОГАШ.

ФИКС е лепак за гипс-картонски плочи, кој се користи за директно лепење на сите видови гипс-картонски плочи на бетонски ѕидови, гас-бетонски блокови, цигли и тн., во простории со нормална влажност.

- Одлична кохезија со основата
- Висока цврстина
- Брзо достигнува цврстина
- Лесен и ефикасен за работа
- Отворено време за работа: 50 минути

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
25 kg	~13 l вода / 25 kg	~ 5 m^2 / 25 kg	~ 5 kg / m^2	40 бр.	1000 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ

- Да се чува и пренесува во добро затворениото оригинално пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Производот е добар за употреба до 6 месеци од датумот на производство.
- Гаранцијата за кавалитетот на прозиводот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Навлажнувањето на производот создава стврднати грутки кои го нарушуваат неговиот квалитет и го намалуваат времето на врзување.

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ГО ФИКС СО:


гипс-картонски плочи тип А


гипс-картонски плочи тип DF



смеса за фугирање ФУГА

ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТА СО ЛЕПАКОТ ЗА ГИПС-КАРТОНСКИ ПЛОЧИ ФИКС

- Не е дозволено користење на ФИКС за монтажа на гипс-картонски плочи кај плафони и греди!
- Да не се користи во простории со висока влажност!
- Со ФИКС не се препорачува лепење на други елементи освен гипс-картонски плочи!

КАКО ДА РАБОТИМЕ СО ЛЕПАКОТ ЗА ГИПС-КАРТОНСКИ ПЛОЧИ ФИКС

1. **Припрема на подлогата**: Основната површина мора да биде чиста, обеспрашена и обезмастена! Површинските слоеви кои немаат носечка способност мора да се отстранат. Високо и ниско впивачките површини мора претходно да се грундираат со соодветен грунд за контрола на впивањето и лепливоста.

2. **Мешање:** Добро исчистен неметален сад делумно се полни со вода. Во него полека и постепено се додава неопходната количина ФИКС (на 25 kg вреќа / 13 литри вода) така што нивото на гипсената смеса да биде 1-2 mm над нивото на водата. Смесата се остава да одлежи 3-5 минути. Потоа смесата се меша рачно со мистрија или со миксер (400-800 вртежи/min.) до постигнување на еднородна смеса без грутки.

3. **Нанесување:**

3. Во зависност од нерамнините на основата се користат следниве три методи за монтажа:

1) Кај нерамнини до 10mm се применува тенкослоен метод –ФИКС се нанесува во форма наленти по целиот обем со назабена глетарка. Во з висност од тежината на поставената плоча, во средината се поставуваат уште една или две надолжни ленти со лепак.

2) Кај нерамнини помеѓу 10÷20 mm , лепакот се нанесува во вид на топки со дијаметар 10 cm во вид на шаховски полиња на секои 30-40 cm хор зонтално и вертикално.Поставувањето на топките (лепакот) може да се направи врз вертикалната подлога како и врз монтажната плоча, во зависност од големината.

3) Кај нерамнини над 20 mm, се сечат ленти од гипс-картонска плоча со ширина 100 mm и се фиксираат на припремената подлога. Врз нивелираните гипс-картонски ленти со назабена глетарка се нанесува ФИКС, а потоа гипс-картонските плочи се фиксираат.

За време на монтажата на гипс-картонските плочи на подот се поставуваат летвички со дебел на 10 mm за да се формира фуга, која ќе го акумул ра линеарното раширување на плочите.

1)



2)



3)



ПОТРЕБЕН АЛАТ:


кофа


летва со либела


миксер


глетарка со забци


мистрија

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ:

- Задолжително е користење на совршено чист алат на кој нема траги од р'ѓа. Во спротивно може да дојде до појава на значителни промени на производот, како и на неговото време на врзување.
- Смесите треба да се користат кога температурите на подлогата и на воздухот се во опсег од +5°C ÷ +30°C.
- При проветрување на просториите одбегнувајте нагли температурни разлики.

FUGA ИСПОЛНУВАЧ НА СПОЕВИ





СИГУРНО СПОЈУВАЊЕ. СЕКОГАШ.

ФУГА е исполнувач на споеви за рачно фугирање со мрежеста бандажна лента на гипс-картонски плочи. Погодна е за целосно глетување или за пополнување на мали пукнатини.

- Обезбедува цврста и долготрајна врска помеѓу плочите
- Ограничено собирање во текот на сушењето
- Идеално мазна површина и завршна обработка на фугите
- Производот е економичен и лесен за работа
- Погоден е за комплетно глетување
- Отворено време за работа: 60 минути

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
25 kg	~13.5 l вода / 25kg	~ 83 m² / 25 kg	~ 0.3 kg / m²	40	1000 kg
5 kg	~2.8 l вода / 5kg	~ 16 m² / 5 kg	~ 0.3 kg / m²	120	600 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ:

- Да се чува и пренесува во добро затворената оригинално пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Производот е добар за употреба до 6 месеци од датумот на производство.
- Гаранцијата за кавалитетот на прозиводот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Навлажнувањето на производот создава стврднати грутки кои го нарушуваат неговиот квалитет и го намалуваат времето на врзување.

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ЈА ФУГА СО:



гипс-картонски плочи тип А



гипс-картонски плочи тип DF



глет маса за завршно глетување САТЕН

ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТА СО СМЕСАТА ЗА ФУГИРАЊЕ ФУГА

- Користете ја во простории со релативна влажност! За простории со висока влажност, користете ФУГА ХИДРО
- Погодна е за глетување на фугите помеѓу гипс-картонските плочи како и за комплетно глетување.

КАКО ДА РАБОТИМЕ СО ИСПОЛНУВАЧ НА СПОЕВИ ФУГА

1. **Припрема на подлогата:** Монтажата на гипс-картонските плочи мора да е завршена со тоа што ќе биде обезбедена нивната стабилност, а добиената основа мора да е чиста, сува и обезмастена. Кај правилното фиксирање на гипс-картонските плочи главите на завртките мора да бидат веднаш под површината на плочите.

2. Мешање: Добро исчистен неметален сад делумно се полни со вода. Во него полека и постепено се додава неопходната количина ФУГА (на 25 kg вреќа / 13-14 литри вода) така што над нивото на гипсената смеса треба да остане 1-2 mm вода. Смесата се остава да одстои од 3-5 минути. Потоа смесата се меша рачно со мистрија или со миксер на ниски вртежи (400-600 вртежи/min.)се до постигнување на хомогена смеса без грутки.

3. Фугирање: Се спроведува во три фази:

1) НИВО Q1
Нанесете доволна количина од смесата за целосно да се исполни фугата и потоа добро притиснете за да обезбедите целосно пополнување. Потоа поставете ја мрежата за армирање и притиснете ја на основата со помош на шпакла. Се чека 24 часа до целосно сушење!
Нанесете втор слој од смесата за фугирање врз мрежата за армирање. Многу е важно да се ограничи фугирањето во пределот на фугата и да се избегне нанесување надвор од неа. Повторно се чека 24 часа до целосно сушење на смесата!



3) НИВО Q2
Се нанесува трет израмнувачки слој од смесата за фугирање чија цел е да оствари непречено површување помеѓу фугата и гипс-картонската површина. Овој слој се нанесува во ширина од 50-60 mm од краевите на фугата.

Завршна обработка: Како последен чекор и за најдобри резултати се препорачува комплетно глетување со глет маса САТЕН!

ПОТРЕБЕН АЛАТ:



кофа | миксер | назабена глетарка | шпакла | мистрија

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ:

- Задолжително е користење на совршено чист алат на кој нема траги од р'ѓа. Во спротивно може да дојде до појава на значителни промени на производот, како и на неговото време на врзување.
- Смесите треба да се користат кога температурите на подлогата и на воздухот се во опсег од +5°C ÷ +30°C.
- При проветрување на просториите одбегнувајте нагли температурни разлики.

FUGA HYDRO ИМПРЕГНИРАН ИСПОЛНУВАЧ НА СПОЕВИ

ЗАШТИТА ОД ВЛАГА. СЕКОГАШ.



ФУГА ХИДРО е импрегниран исполнувач за рачно глетување и фугирање со мрежеста бандажна лента на гипс-картонски плочи во простории со зголемена влажност.

- Водоотпорна
- Погодна за комплетно глетување на влажни простории
- Обезбедува цврста и долготрајна врска помеѓу плочите
- Ограничено собирање во текот на сушењето
- Идеално мазна површина и завршна обработка на фугите
- Производот е економичен и лесен за работа
- Отворено време за работа: 60 минути

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
5 kg	~2.8 l вода / 5 kg	~ 16 m² / 25 kg	~ 0.3 kg / m²	120	600 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ:

- Да се чува и пренесува во добро затворениот оригинално пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Производот е добар за употреба до 6 месеци од датумот на производство.
- Гаранцијата за кавалитетот на прозиводот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Навлажнувањето на производот создава стврднати грутки кои го нарушуваат неговиот квалитет и го намалуваат времето на врзување.

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ЈА **ФУГА ХИДРО** СО:



гипс-картонска плоча тип H2



надворешна плоча BlueBoard

ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТА СО СМЕСАТА ЗА ФУГИРАЊЕ **ФУГА ХИДРО**

- Погодна е за простории со зголемена влажност како што се тоалети, кујни, лаборатории и сл.
- Се одликува со карактеристична зелена боја!
- Не е соодветна за надворешна примена.

КАКО ДА РАБОТИМЕ СО ИМПРЕГНИРАН ИСПОЛНУВАЧ НА СПОЕВИ **ФУГА ХИДРО**

1. Припрема на подлогата: Монтажата на гипс-картонските плочи мора да е завршена со тоа што ќе биде обезбедена нивната стабилност, а добиената подлога мора да е чиста, сува и обезмастена. Кај правилното фиксирање на гипс-картонските плочи главите на завртките мора да бидат веднаш под површината на плочите.

2. Мешање: Добро исчистен неметален сад делумно се полни со вода. Во него полека и постепено се додава неопходната количина ФУГА ХИДРО (на 5 kg вреќа / 2,8 литри вода) така што над нивото на гипсената смеса да остане 1-2 mm вода. Смесата остава да одстои од 10-15 минути. Потоа смесата се меша рачно со мистрија или со миксер на ниски вртежи (400-600 вртежи/мин.) до постигнување на еднородна смеса без грутки.

3. Фугирање: Се спроведува во три фази:

1) Ниво Q1
Нанесете доволна количина од смесата за целосно да се исполнат фугите и потоа добро притиснете за да обезбедите целосно пополнување. Потоа поставете ја мрежата за армирање и притиснете ја на основата со помош на шпакла. Се чека 24 часа до целосно сушење! Нанесете втор слој од смесата за пополнување на споеви врз мрежата за армирање. Неопходно е да се ограничи фугирањето во пределот на фугата и да се избегне нанесување надвор од неа. Повторно се чека 24 часа до целосно сушење на смесата! Пополнете ги главите од завртките со смесата за пополнување на фуги.



3) Ниво Q2
Се нанесува трет израмнувачки слој од смесата за пополнување на споеви чија цел е да оствари непречено поврзување помеѓу фугата и гипс-картонската површина. Овој слој се нанесува во ширина од 50-60 mm од краевите на фугата.

Завршна обработка: Како последен чекор и за најдобри резултати се препорачува комплетно глетување на плочите со водоотпорна смеса ФУГА ХИДРО!

ПОТРЕБЕН АЛАТ:



кофа



миксер



глетарка со забци



шпакла



мистрија

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ:

- Задолжително е користење на совршено чист алат на кој нема траги од р'ѓа. Во спротивно може да дојде до појава на значителни промени на производот, како и на неговото време на врзување.
- Смесите треба да се користат кога температурите на подлогата и на воздухот се во опсег од +5°C ÷ +30°C.
- При проветрување на просториите одбегнувајте нагли температурни разлики.

FUGA&FINISH ГОТОВА ЗА УПОТРЕБА СМЕ СА

ФУГА И ГЛЕТ МАСА

БРЗА ПРИ РАБОТА. СЕКОГАШ.

NEW

FUGA & FINISH готова за употреба универзална смеса, соодветна за фугирање на гипс-картонски плочи или за целосно глетување.



- Готова за употреба смеса, погодна за повеќекратно користење
- Овозможува силна врска кај пополнувањето на споевите, ниво Q1-Q2
- Мазна и тенка завршна обработка кај гипс-картонот или за подебели слоеви, ниво Q3-Q4
- Снежно бела боја на смесата и површина која лесно може да се измазни со минимална прашина
- Погодна за рачно и машинско апли-цирање

	Потрошувачка при фугирање	Потрошувачка при глетување	Канти на палета	Тежина на палета
20 kg	~ 0.4 kg / m²	~ 1.0 kg / m²	33 бр.	660 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ:

- Да се чува и пренесува во добро затворениот оригинално пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Да се чува од замрзнување, значително прегревање и директна сончева изложеност.
- Гаранцијата на квалитетот на производот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Производот е добар за употреба до 18 месеци од датумот на производството.

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ЈА СО:


стандардна гипс плоча тип А


против пожарна гипс плоча тип DF


хартиена лента

ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТА СО FUGA & FINISH:

- После отворањето на пакувањето, содржината потребно е да се размеша со механички миксер. Доколку е потребно можно е и разредување на производот.
- Погоден за формирање на надворешни агли со алуминиумски аголни профили.
- Погодна е за глетување на фугите помеѓу гипс-картонските плочи како и за комплетно глетување.
- Користете ја во простории со релативна влажност! За простории со висока влажност, користете ФУГА ХИДРО.

КАКО ДА РАБОТИМЕ СО FUGA & FINISH

1. Припрема на подлогата: Монтажата на гипс-картонските плочи мора да е завршена со тоа што ќе биде обезбедена нивната стабилност, а добиената подлога мора да е чиста, сува и обезмастена. Кај правилното фиксирање на плочите главите на завртките мора да бидат веднаш под површината на плочата.

2. Мешање: После отворањето на пакувањето, содржината потребно е да се размеша со механички миксер. Доколку е потребно, можно е разредување на производот и тоа: за рачно нанесување околу 200ml вода на 20kg од производот или за машинско нанесување околу 400ml вода на 20kg од производот, и тоа со постепено додавање на водата се до постигнувањето на саканата густина.

3. Нанесување - нивоа Q1, Q2, Q3, Q4

1) Ниво Q1
Нанесете доволна количина од смесата за целосно да се пополнат споевите меѓу плочите и потоа добро притиснете за да обезбедите целосното пополнување на фугите. Потоа поставете ја лентата за бандажирање и притиснете ја на основата со шпакла. Чекајте 24 часа до целосното сушење на материјалот!

2) Ниво Q2
Нанесете втор слој од смесата како би се обезбедил порамнителен премин во делот на споевите на гипс-картонските плочи. Овој слој потребно е да се нанесе во широчина од 50-60 mm во делот на споевите.

3) Ниво Q3
Со праволиниски движење на шпаклата и агол од 30° се нанесува тенок слој од смесата преку целата површина. Со едно или две дополнителни движења се порамнуваат сите нерамнини, а по потреба може да се порамнат празнините со додавање од готовата смеса. Доколку е потребно површината може фино да се обработи со хартиена шмиргла и тоа откако нанесената смеса целосно би била исушена.

3) Ниво Q4
Во случаи кога се бара висок квалитет на завршната обработка потребно е површината да се обработи на ниво Q4. Со праволиниски движења нанесете слој од 3 mm од готовата смеса. Со едно или две дополнителни движења се порамнуваат сите нерамнини, а по потреба може да се порамнат празнините со додавање од готовата смеса. Доколку е потребно површината може фино да се обработи со хартиена шмиргла и тоа откако нанесената смеса целосно би била исушена.

Дополнителни информации: Кај машинско нанесување препорачаната јачина на млазницата е од 527 до 531, и јачина од околу 100 Bar-и.

ПОТРЕБЕН АЛАТ:


миксер


шпакла


глетарка


машина за airless нанесување


банџо

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ:

- Задолжително е користење на совршено чист алат на кој нема траги од р'ѓа. Во спротивно може да дојде до значителни промени на производот, како и неговото времетраење на врзување.
- Смесата потребно е да се користи кога температурите на подлогата и воздухот се во опсег од +8°C ÷ +35°C.
- При проветрување на просториите избегнувајте нагли температурни разлики.

EN 13963:2015

SATEN ГЛ ЕТ МАСА ЗА ЗАВРШНО ГЛЕТУВАЊЕ



СОВРШЕНО МАЗНА ПОВРШИНА. СЕКОГАШ.

САТЕН е глет маса за завршно глетување врз различни видови подлоги. Површината на внатрешните ѕидови и плафони ја прави мазна, висококвалитетна и подготвена за завршни работи и декорација.

- Одлична е за фино глетување на разни површини
- Создава совршено мазна површина
- Се применува во простории со релативна влажност
- Пополнува мали оштетувања до 5 mm и пукнатини на гипс-картонските плочи или други површини
- Економична поради нанесувањето во тенки слоеви
- Отворено време за работа: 60 минути

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
25 kg	~18 l вода / 25 kg	~ 29 m² / 25 kg	~ 0.85 kg / m² / 1 mm	40	1000 kg
10 kg	~7.5 l вода / 10 kg	~ 11 m² / 10 kg	~ 0.85 kg / m² / 1 mm	60	600 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ:

- Да се чува и пренесува во добро затворениот оригинален пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Производот е добар за употреба до 6 месеци од датумот на производство.
- Гаранцијата за кавалитетот на прозиводот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Навлажнувањето на производот создава стврднати грутки кои го нарушуваат неговиот квалитет и го намалуваат времето на врзување.

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ГО САТЕН СО:


гипс-картонски плочи тип А


гипс-картонски плочи тип DF



смеса за фугирање ФУГА

ПРЕПОРАКИ ЗА РАБОТА СО ГЛЕТ МАСА ЗА ЗАВРШНО ГЛЕТУВАЊЕ САТЕН

- Максималната дебелина на еден нанесен слој е 5 mm!
- Отвореното време за работа за кое можат да се измазнат трагите од глетарката е 60 минути!
- Да не се користи во простории со висока влажност!
- За добивање на беспрекорна мазност се препорачува комплетно глетување на гипс-картонските плочи!

КАКО ДА РАБОТИМЕ СО ГИПСЕНАТА ГЛЕТ МАСА ЗА РАЧНО НАНЕСУВАЊЕ САТЕН

1. Припрема на подлогата: Основната површина мора да биде чиста, обеспрашена и обезмастена! Површинските слоеви кои немаат носечка способност мора да се отстранат. Високо и ниско впивачките површини мора претходно да се грундираат со соодветен грунд за контрола на впивањето и лепливоста.

2. Мешање: Добро исчистен неметален сад делумно се полни со вода. Во него полека и постепено се додава неопходната количина САТЕН (на 25 kg вреќа / 15 литри вода) така што над нивото на гипсената смеса да остане 1-2 mm вода. Смесата се остава да одстои од 3-5 минути. Потоа смесата се меша рачно со мистрија или со миксер на ниски вртежи (400-600 вртежи/min.) до постигнување на еднородна смеса без грутки.

3. Глетување во три чекори:

1) Нанесување на првиот слој
Се нанесува слој со дебелина од 1 до 3 mm. Глетарката треба да ја движиме од долу – нагоре под агол од приближно 30° од подлогата. Започнете израмнување на ѕидот со кружни движења само во една насока (или само на лево или само на десно, во никој случај цел круг).
Се чека додека глет масата е полутврда и потоа се обработува со чиста глетарка дури не се добие совршено мазна површина. При секое движење на глетарката, таа мора да се исчисти со шпакла од насобраната смеса.

2) Нанесување на втор слој
Секој наредeн слој се нанесува после целосното стврднување на претходниот. Се нанесува на исти начин, но со малку поголемо притискање за да се добие средна дебелина на слојот, но не поголема од 1 mm. Со едно до две дополнителни движења се израмнуваат сите вдлабнатини и дупки и по потреба може да се додаде уште од готовата смеса. Ако е потребно, после стврднувањето, слојот се порамнува со фина шмиргла. Претпазливо измазнете ги испакнатите нерамнини, а вдлабнатините пополнете ги со мала шпакла и готова смеса и потоа повторете ја постапката.

3) За добивање на врвно мазна површина нанесете трет разреден слој и изглетувајте ја целата површина.



ПОТРЕБЕН АЛАТ:


кофа


миксер


глетарка


шпакла


мистрија

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ:

- Задолжително е користење на совршено чист алат на кој нема траги од р'ѓа. Во спротивно може да дојде до појава на значителни промени на призводите, како и на неговото време на врзување.
- Смесите треба да се користат кога температурите на подлогата и на воздухот се во опсег од +5°C ÷ +30°C.
- При проветрување на просториите одбегнувајте нагли температурни разлики.

SPRINT ГИПСЕН МАЛТЕР ЗА МАШИНСКО И РАЧНО МАЛТЕРИСУВАЊЕ



БЕСПРЕКОРНА ЕЛАСТИЧНОСТ. СЕКОГАШ.

СПРИНТ е машински малтер на база на гипс за еднослојно нанесување кај внатрешни ѕидови и плафони во простории со релативна влажност. За припрема на површини кои се спремни за бојадисување, лепење на тапети, или соодветни декоративни малтери и завршно глетување. Погодна е за сите видови на машини за фино малтерисување. Производот може да се употребува и за рачно нанесување.

- Погоден е за машинско и рачно нанесување
- Има до 30% помала тежина од варово-цементните малтери
- Многу мазна површина
- Совршен е за поставување врз полни тули и гитер цигли, цементни и калциум силикатни блокови и врз рапав бетон
- Висока содржина на гипс и максимална еластичност без пукнатини
- Здрава околина со контролирана влажност
- Отворено време за работа: 100 минути

ЗА НАЈДОБРИ РЕЗУЛТАТИ, КОМБИНИРАЈТЕ ГО **СПРИНТ** СО:



Глет маса за завршно глетување **САТЕН**

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
30 kg	~18 l вода / 30 kg	~ 2.7÷3 m² / 30 kg	~ 11 kg / m² / 10 mm	40	1200 kg

РОК НА УПОТРЕБА И ЧУВАЊЕ /ЗА **СПРИНТ** И **СПРИНТ ПЛУС**/

- Да се чува и пренесува во добро затворениот оригинално пакување, во затворени, суви и проветрени простории.
- Производот е добар за употреба до 6 месеци од датумот на производство.
- Гаранцијата за кавалитетот на прозиводот важи само доколку производот се чува и користи според препораките.
- Навлажнувањето на производот создава стврднати грутки кои го нарушуваат неговиот квалитет и го намалуваат времето на врзување.

SPRINT PLUS ЛЕСЕН ГИПСЕН МАЛТЕР ЗА МАШИНСКО И РАЧНО МАЛТЕРИСУВАЊЕ



ПОМАЗНА ПОВРШИНА. ПОМАЛА ПОТРОШУВАЧКА. СЕКОГАШ.

СПРИНТ ПЛУС е лесен машински малтер на база на гипс за еднослојно нанесување кај внатрешни ѕидови и плафони во простории со релативна влажност. Лесната формула со перлит гарантира брзо нанесување и економична потрошувачка. За припрема на површини кои се спремни за бојадисување, лепење на тапети или соодветни декоративни малтери и завршно глетување. Погоден е за сите видови на машини за фино малтерисување. Производот може да се употребува и за рачно нанесување.

- При обработка со наводнета глетарка се добива многу мазна површина и нема потреба од дополнително глетување.
- Поекономичен и полесен за работа
- Многу мазна површина
- Има до 30% помала тежина од варово-цементните малтери
- Совршен е за поставување врз полни тули и гитер цигли, цементни и калциум силикатни блокови и врз рапав бетон
- Погоден е за машинско и рачно нанесување
- Висока застапеност на гипс и максимална еластичност без пукнатини
- Здрава околина и контролирана влажност
- Отворено време за работа: 120 минути

	Сооднос при мешање	Покривна способност	Потрошувачка	Вреќи во палета	Тежина на палета
30 kg	~18 l вода / 30 kg	~ 3.3÷3.5 m² / 30 kg	~ 8.5÷9 kg / m² / 10 mm	40	1200 kg

УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ /ЗА **СПРИНТ** И **СПРИНТ ПЛУС**/

